РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1409-18/6
13.02.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 5 седница одржана на 21.12.2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за измена на правосилен управен акт и дополнување на решението за акредитација на студиска програма „Безбедност" втор циклус студии на Факултетот за детективи и безбедност, Прв Приватен Универзитет ФОН- Скопје**

1. Со ова Решението се врши дополнување на Решението број 1409-18/5 од 22.06.2017 за акредитација на студиска програма „Безбедност" втор циклус студии на Факултетот за детективи и безбедност, Прв Приватен Универзитет ФОН- Скопје.

2. По точка 2 на Решението, се додаваат две нови точки 2-а и 2-б, кои гласат:
   „2-а. Студиската програма од точка 1 од ова решение, за студенти со завршени тригодишни студии и стекнати 180 ЕКТС, трае четири семестри за студентите кои го реализирале едногодишениот модул и продолжуваат на студиите во петта година.
   2-б. Едногодишниот модул на студиската програма „Безбедност" на втор циклус студии од точка 1 од ова решение за студенти со завршени тригодишни студии и стекнати 180 ЕКТС трае два семестри.".

3. По точка 3 на Решението, се додава нова точка 3-а и гласи:
   „3-а. По завршениот едногодишен модул (два семестри и 60 ЕКТС) за студиската програма на втор циклус, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се здобива со звање **Дипломиран криминалист** научно истражувачко подрачје: Општествени науки (5), научно истражувачко поле: Безбедност (516), и научно истражувачки области: 50800-50835, 51600-51610.".

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## Образложение

Прв Приватен Универзитет ФОН - Скопје на 18.12.2017 до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави Барање за измена на правосилен управен акт - решение на Одборот број 20-21/4 од 17.08.2017 за акредитација на студиска програма „Дизајн и мултимедија“ втор циклус студии на Факултетот за дизајн и мултимедија, Прв Приватен Универзитет ФОН- Скопје.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на својата 5 седница, постапувајќи по барањето за измена на правосилен управен акт одржана на 21.12.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ФОН
СКОПЈЕ
Примено 21.02.2018
Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност
Архивски знак
Рок на чување год.
201 година
Потпис